# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ (МЛО) И НАЦИОНАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН 2022- 2024



# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ (МЛО) И НАЦИОНАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН 2022- 2024

Funded by
the European Union

Преводот, лектурата и печатењето на оваа публикација беа поддржани од страна на UNDP SEESAC преку проект финансиран од Европската унија.

Ставовите изразени во публикацијата се ставови на Владата на Северна Македонија и не секогаш се идентични со ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации. Употребените ознаки и презентацијата на материјалот во оваа публикација не имплицираат изразување став од страна на Програмата за развој на Обединетите нации во врска со: 1) правниот статус на одредена земја, територија или област или на нејзините власти; или 2) обележаноста на нејзините надворешни или внатрешни граници.

# СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........ 4

ОПШТ ДЕЛ ........ 6

ДЕФИНИРАЊЕ ........ 10

ГЕНЕРАЛНИ ПРИНЦИПИ ........ 12

ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 13

ЦЕЛ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ........ 18

ОПШТА ЦЕЛ ........ 18

СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ........ 19

ЦЕЛ 1: ДО 2023 ГОДИНА, ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ДЕКА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА КОНТРОЛА НА ОРУЖЈЕТО Е УСОГЛАСЕНО СО РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА НА ЕУ И ДРУГИ СРОДНИ МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ........ 19

ЦЕЛ 2: ДО 2024 ГОДИНА, ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ДЕКА ПОЛИТИКИТЕ И ПРАКТИКИТЕ ЗА КОНТРОЛА НА ОРУЖЈЕТО СЕ ЗАСНОВАНИ НА ДОКАЗИ И ВОДЕНИ ОД РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ ........ 20

ЦЕЛ 3: ДО 2024, ГОДИНА, ЗНАЧИТЕЛНО ДА СЕ НАМАЛАТ НЕЛЕГАЛНИТЕ ТЕКОВИ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВИ (КОН, ВО РАМКИ НА И ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА) ........ 23

ЦЕЛ 4: ДО 2024 ГОДИНА ЗНАЧИТЕЛНО ДА СЕ НАМАЛИ ПОНУДАТА, ПОБАРУВАЧКАТА И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ПРЕКУ ЗГОЛЕМЕНА СВЕСТ, ОБРАЗОВАНИЕ, АКТИВНОСТИ ЗА СОРАБОТКА (OUTREACH) И ЗАСТАПУВАЊЕ И ДА СЕ НАМАЛИ ПРОЦЕНЕТИОТ БРОЈ НА НЕЗАКОНСКИ ПОСЕДУВАНО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ........ 24

ЦЕЛ 5: СИСТЕМАТСКО НАМАЛУВАЊЕ НА ВИШОКОТ И УНИШТУВАЊЕ НА ЗАПЛЕНЕТОТО МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА И ЗНАЧИТЕЛНО НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД ПРОЛИФЕРАЦИЈА И ПРЕНАСОЧУВАЊЕ НА ОГНЕНОТО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ ........ 26

НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА МЛО ........ 27

НАДЗОР И ОЦЕНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ........ 29

НАЦИОНАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ (МЛО) 2022-2024 ........ 30

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ЕУ** | Европската унија |
| **НАТО** | Северноатлантска договорна организација |
| **ООН** | Организација на Обединети нации |
| **ЈИЕ** | Југоисточна Европа |
| **КЗ** | Кривичниот законик |
| **МВР** | Министерството за внатрешни работи |
| **МНР** | Министерството за надворешни работи |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МО** | Министерството за одбрана |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МЛС** | Министерство за локална самоуправа |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **НКМЛО** | Национална комисија за мало и лесно оружје |
| **МЛО** | Мало и лесно оружје |
| **НК** | Национална комисија |
| **НВО** | Невладини организации |
| **СОП** | Стандардна оперативна процедура |
| **ОАП** | Оперативни акциски планови |
| **OSCE** | Organization for Security and Co-operation in Europe/Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) |
| **RCC** | Regional Cooperative Council/Советот за регионална соработка |

| | |
|---|---|
| **SEESAC** | Southeastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons/ Центар за контрола на малото и лесно оружје во Југоисточна и Источна Европа (СИСАК) |
| **UNDP** | United Nations Development Programme/Програма за развој на Обединетите нации - УНДП |
| **UNODC** | United Nations Office on Drugs and Crime/Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ) |
| **iARMS** | Менаџирање со систем за евиденција и следење на недозволено оружје |
| **INTERPOL** | International Criminal Police Organization/Меѓународна организација за криминалистичка полиција (ИНТЕРПОЛ) |
| **EUROPOL** | The European Union Agency for Law Enforcement Cooperation/Агенција на Европската Унија за соработка во областа на спроведување на законот (ЕВРОПОЛ) |
| **SEEFEN** | South East Europe Firearms Experts Network/Мрежа на експерти за огнено оружје во Југоисточна Европа (СЕЕФЕН) |
| **RACVIAC** | Centre for security cooperation/Центар за безбедносна соработка (РАЦВИАЦ) |
| **EMPACT** | European Multidisciplinary Platform Against Criminal Threats/Европска мултидисциплинарна платформа за закани од криминал (ЕМПАКТ) |
| **CEPOL** | Agency of the European Union dedicated to develop, implement and coordinate training for law enforcement officials/Агенција на Европската Унија за обуки за спроведување на закон (ЦЕПОЛ) |
| **FRONTEX** | European Border and Coast Guard Agency/Агенција на Европската Унија за гранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС) |
| **EUROJUST** | European Union Agency for Criminal Justice Cooperation/Агенција на Европската унија за соработка на правосудните органи ( ЕВРОПРАВДА) |

# ОПШТ ДЕЛ

Заложбата на Владата на Република Северна Македонија е да изврши превенција, контрола на оружјето, муницијата и експлозивните материи и искоренување на пролиферацијата на нелегалното оружје во согласност со регионалните и меѓународните иницијативи, стандарди и документи за контрола на оружјето, муницијата и експлозивните материи. Со цел доследно и целосно спроведување на заложбите на Владата, Националната комисија за мало и лесно оружје настојува да ја реализира својата примарна задача, координација на активностите на сите инволвирани страни (државни и невладини органи и организации) како и на мноштвото меѓусебно поврзани фактори кои го одредуваат видот на интервенцијата за контрола на мало и лесно оружје, согласно регионалните и меѓународните иницијативи, стандарди и документи за контрола на оружјето, муницијата и експлозивните материи.

Република Северна Македонија учествува во Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Европската унија и активностите на НАТО, врз основа на својата политичка определба да ги сподели целите и приоритетите на оваа значајна заедничка политика на земјите-членки на Европската унија и НАТО. Република Северна Македонија, врз основа на идентични вредности на надворешно политички план со Европската унија и НАТО, на овој начин сака да даде свој придонес во промоцијата на мирот и стабилноста на глобален план.

Како членка на ОН, Република Северна Македонија во континуитет презема активности за реализирање на обврските кои што произлегуваат од релевантните конвенции и други документи во областа на контролата на оружје и непролиферацијата на мало и лесно оружје.

Во таа насока Република Северна Македонија во домашната регулатива доследно и целосно ги имплементира следните меѓународни документи:

1. Програмата за акција на Обединетите нации (2001 година) и документот на ОБСЕ за мало и лесно оружје (усвоен 2000 година и повторно издаден 2012 година),
2. Протоколот за борба против недозволена трговија со огнено оружје,негови делови и компоненти и муниција ратификуван од страна на Република Македонија на 10.07.2007 година, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал, ратификувана на 12.01.2005 година,
3. Меѓународниот инструмент за следење (ITI),
4. Договорот за трговија со оружје ратификуван на 23.01.2014 година.

Овие заложби за поврзување на глобалната агенда за разоружување и родовата еднаквост, вклучително и родово заснованото насилство, го развиваат идниот пат на покохерентен, холистички и ефективен одговор на глобално, регионално и национално ниво и ќе доведат до спречување и намалување на насилството.

Од друга страна, инструментите за човекови права од областа на родовата еднаквост, мирот и безбедноста, малото и лесно оружје, а од неодамна и Агендата за

одржлив развој 2030 година, сè повеќе ја препознаваат и ја вклучуваат родовата перспектива во своите агенди.

Ова приближување е исто така видливо во поголемото вклучување на прашањата поврзани со контролата на малото оружје во Агендата за жени, мир и безбедност. Со усвојувањето на Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации (РСБОН) 1325 (2000), Советот за безбедност за прв пат го разгледа несразмерното и уникатно влијание на вооружениот конфликт врз жените. Освен Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации (РСБОН) 1325, постојат уште девет други резолуции за Жени, мир и безбедност: 1820 (2008), 1888 (2009), 1889 (2009), 1960 (2010), 2106 (2013), 2122 (2013), 2242 (2015), 2467 (2019) и 2493 (2019).

Воедно, како членка на ОБСЕ, Република Северна Македонија ги имплементира и сите обврски кои произлегуваат од Документот за мало и лесно оружје усвоен од страна на Форумот за безбедносна соработка на ОБСЕ во 2000 година.

Исто така, Република Северна Македонија е во фаза на имплементација со ДИРЕКТИВА (ЕУ) 2021/555 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 24 март 2021 година за контрола на набавката и поседувањето оружје (кодифициран текст), како и ќе се следува имплементација на Директивите за имплементирање 19/68 и 19/69.

Со измените и дополнувањата на Законот за оружјето во 2018 година, целосно беа опфатени одредбите од Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2015/2403 на Комисијата од 15 декември 2015 година, за утврдување на заеднички упатства за стандарди и техники за деактивирање на оружје со цел да се осигури дека деактивираното огнено оружје станува неповратно онеспособено, а понатаму следеше усогласување на правната рамка и со Регулатива (ЕУ) 2018/337 од 05 Март 2018 година за изменување на Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2015/2403 на Комисијата од 15 декември 2015 година, за утврдување на заеднички упатства за стандарди и техники за деактивирање на оружје со цел да се осигури дека деактивираното огнено оружје станува неповратно онеспособено.

Дополнително, Европската унија ја усвои Регулативата 258/2012 во борбата против недозволената трговија со оружје низ подобро следење и контрола на извозот на цивилното огнено оружје од Европската унија, вклучувајќи ги мерките за увоз и транзит, како и Одлуката на Советот 2015/1908/ЗНБП од 22 октомври 2015 година за поддршка на глобалниот механизам на известување за незаконското мало и лесно оружје и другите незаконски конвенционални оружја и муниција, како би се намалила опасноста од незаконска трговија со истите. Потоа, имајќи ја во предвид Европската програма за безбедност, Советот на Европската унија на 8 октомври 2015 година ги повика државите членки, Комисијата, Европол и Интерпол да ја зајакнат употребата на средства за борба против трговијата со огнено оружје. За таа цел во декември 2015 година е донесен Акциониот план на Европската унија за борба против незаконската трговија со огнено оружје и експлозиви и нивна употреба и Акционен план против незаконска трговија со огнено оружје помеѓу Европската унија и земјите на Југоисточна Европа (за период од 2015 до 2019 година).

Република Северна Македонија ја потпиша и Женевската декларација за вооружено насилство и развој во 2009 година, усвоена на 7 јули 2006 година, со посебен акцент на член 16 точка 4, во насока на промоција на мирни и инклузивни општества или одржлив развој, обезбедување пристап до правдата за сите, со цел да се изградат ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа, со тенденција до 2030 година значително да се намалат нелегалните финансиски текови, како и борба против сите форми на организиран криминал.

Со цел усогласување со европската регулатива, на предлог на Националната комисија за мало и лесно оружје се формира работна група која работи на изготвување нов нацрт текст на Закон за експлозивни материи за цивилна употреба кој ќе ги вклучува стари-

те два закони, Законот за промет со експлозивни материи и Законот за заштита од експлозивни материи, кои ќе се усогласат со следните директиви:

- Директива на Комисијата 2008/43/ЕЗ од 4 април 2008 година за утврдување систем за идентификација и следливост на експлозиви за цивилна употреба во согласност со Директива 93/15/ЕЕЗ на Советот;
- Директива 2012/4/ЕУ на Комисијата од 22 февруари 2012 година за изменување на Директива 2008/43/ЕЗ за воспоставување на систем за идентификација и следење на експлозиви за цивилна употреба во согласност со Директива 93/15/ЕЕЗ на Советот;
- Директива 2013/29/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 12 јуни 2013 година за усогласување на законодавството на земјите членки во однос на достапноста на пиротехнички средства на пазарот (преработена верзија);
- Директива 2014/28/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за усогласување на законодавството на земјите членки во однос на достапноста на експлозиви за цивилна употреба на пазарот и нивен надзор (преработена верзија);
- Директива за спроведување 2014/58/ЕУ на Комисијата од 16 април 2014 година за воспоставување, во согласност со Директива 2007/23/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот, на систем за следење на пиротехничките средства и - Регулатива (ЕУ) бр. 2019/1138 за обележување и употреба на експлозиви прекурзори.

Во текот 2021 година, се финализираше постапката за изготвување на нов Закон за развој, производство и промет на воени стоки, кој се донесе и објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 298/12 и истиот е делумно усогласен со соодветните прописи на ЕУ.

На 5 јули 2010 година, Владата на Република Северна Македонија донесе Одлука за усвојување на Заедничката позиција на Советот на Европската унија 2008/944/CFSP за одредување на заедничките правила со кои се регулира контролата на извозот на воена технологија и опрема и нејзиното Упатство за корисникот за заедничката позиција на Советот 2008/944/ЗНБП за дефинирање заеднички правила што регулираат контрола на извозот на воена технологија и опрема (издание 2015 година) и Директивата 2009/43/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот на 6 мај 2009 година, поедноставување на условите за пренос на одбранбени производи во рамките на Заедницата. Потребна е дополнителна работа за усогласување на правната рамка со Директивата 2009/81/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 13 јули 2009 година за усогласување на процедурите за доделување на одредени договори за работи, договори за набавка и договори за услуги од страна на договорните органи или субјекти од областа на одбраната и безбедноста и изменување на Директивите 2004/17/ЕЗ и 2004/18/ЕЗ.

Законодавството на Република Северна Македонија е целосно усогласено со Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 428/2009 од 5 мај 2009 година за воспоставување на режим на Заедницата за контрола на извозот, преносот, посредувањето и транзитот на предмети со двојна намена, како и нејзините измени 2020/1749 од 7 октомври 2020 година. Што се однесува до Регулативата 2020/1749 од 7 октомври 2020 година, се планира во текот на 2022 година Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба да се усогласи со истата.

Под покровителство на Сојузното министерство за надворешни работи на СР Германија, Европската унија и Советот за регионална соработка, SEESAC организираше Регионален состанок на високо ниво на замениците министри за внатрешни и надворешни работи од Тирана, Сараево, Приштина, Кишињев, Подгорица, Белград и Скопје на 1 февруари 2018 година во Подгорица, Црна Гора.

На состанокот беше потврдена експлицитната политичка заложба на сите актери во регионот за засилената контрола на лесното оружје и спречување на неговото ширење, што беше потврдено со усвојувањето на Заедничка изјава. Освен тоа, согледувајќи дека ширењето и недозволената трговија со огнено оружје и муниција претставуваат постојана закана по внатрешната безбедност, властите од регионот се обврзаа да изработат Патоказ за изнаоѓање одржливо решение за незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО)/огнено оружје и муниција за истото во Западен Балкан.

Целта на овој Патоказ е да послужи како документ подготвен и во сопственост на регионалните власти со кој се согласни сите и кој ќе обезбеди насоки во изнаоѓањето одржливо решение за незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО)/огнено оружје и муниција во Западен Балкан. Овој документ е сведоштво за постигнатиот консензус меѓу сите засегнати страни во регионот за тековните предизвици, општите цели што треба да се постигнат, како и временската рамка на активностите што треба да се преземат.

Овој документ претставува и инструмент за мерење на напредокот и е водич за поорганизирана и синергиска поддршка на регионот во оваа област, што води до ефикасно и ефективно користење на донаторските ресурси. Патоказот ќе биде ставен во употреба преку прилагодени акциски планови, кои ќе бидат интегрирани и ќе ги поддржат постојните Стратегии за МЛО/огнено оружје и националните акциски планови со мерливи цели и конкретни индикатори во однос на кои ќе може да се мери напредокот на локално и регионално ниво.

Патоказот беше подготвен врз основа на Заедничката изјава на замениците министри за внатрешни работи и замениците министри за надворешни работи од Југоисточна Европа и елементите за Патоказот, усвоени на состанокот во Подгорица. Дополнително, се одржаа консултативни состаноци со комисиите за мало и лесно оружје во целиот регион, обезбедувајќи регионална сопственост и одржливост на резултатите. Во обид да се обезбеди сеопфатен пристап и целосна сопственост на предвидените мерки се одржаа консултации со локалните заедници, претставниците на граѓанското општество, како и регионалните и меѓународните партнери.

Успешното спроведување на Патоказот бара заеднички напори на властите од Западен Балкан, како и навремена, насочена и координирана поддршка од меѓународните партнери и донатори.

На 28-29 мај 2018 година, властите од земјите од Западен Балкан се состанаа во Тирана, на 9-от Регионален состанок на комисиите за МЛО/огнено оружје, каде ја консолидираа финалната нацрт верзија и ја презентираа пред Сојузното министерство за надворешни работи на Германија, за да биде вклучена во агендата на Берлинскиот процес. Официјалното усвојување на овој документ се случи на Самитот на ЕУ и Западен Балкан во Лондон, којшто се одржа на 10 јули 2018 година.

Националната комисија на секои шест месеци организира локални координативни состаноци за презентирање на напредокот по целите од Патоказот и исто така, учествува на регионални координативни состаноци со други претставници од националните комисии за контрола на мало и лесно оружје од земјите од Западен Балкан.

Република Северна Македонија ја следи имплементацијата од Акцискиот план на Европската унија за трговија со оружје 2020-2025, во кој целосно е интегриран Патоказот.

Употребата и достапноста на нелегалното мало и лесно оружје го нарушува владеењето на правото, ја зголемува стапката на криминал, влијае врз стабилноста на земјата и претставува пречка на општествениот и економскиот развој.

Мноштвото поврзани фактори кои го одредуваат видот на интервенцијата за контрола на мало и лесно оружје и подоцнежниот резултат, бара инволвираност на голем број организации во тој процес. Нивните заложби треба да бидат планирани, координирани и/или водени, за да се помогне имплементирањето на Националниот акционен план. Координацијата е една од примарните задачи на Националната комисија за мало и лесно оружје, која е ентитет на национално ниво, дава совети, ја координира и набљудува имплементацијата на Националната стратегија за контрола мало и лесно оружје и Акциониот план.

Контролата на мало и лесно оружје се однесува на оние активности кои заедно се стремат кон намалување на социјалните, економските и еколошките последици од неконтролираната пролиферација и поседување на мало и лесно оружје. Истите опфаќаат: контрола на граничните премини, законодавни и регулаторни мерки, стратегии за подигнување на јавната свест за мало и лесно оружје, активности за собирање и уништување на мало и лесно оружје, управување со информации и управување со залихите на мало и лесно оружје и сите други активности насочени кон намалување на пролиферацијата на мало и лесно оружје.

Стратегијата за контрола на мало и лесно оружје се синхронизира со другите стратегии во државата кои ги опфаќаат областите на тероризмот, гранична полиција, полициско работење водено од разузнавање, стратегија за вклучување и комуникација со заедницата.

# ДЕФИНИРАЊЕ

Во домашната и меѓународната стручна литература не постои утврдена меѓународна дефиниција за мало и лесно оружје (МЛО). Практичната примена и големата употреба но и злоупотреба на оружјето а посебно на малото и лесно оружје ја наметнаа потребата од негово законско регулирање, а пред се негово дефинирање.

Во 90 - тите години, група на владини експерти на Обединетите нации за малокалибарско оружје излегоа со она што тие го нарекуваат ‘дефиниција’, но всушност тоа е некомплетна листа на видови оружје, што е потешкотија да се користи во каква било дипломатска и оперативна средина. Оваа „дефиниција“ ги сместува МЛО во три категории:

- **Мало оружје:** Револвери и саморепетирачки (полуавтоматски) пиштоли; пушки и карабини; полуавтоматски пушки (SMG); јуришно); јуришно оружје (автоматско оружје) и лесни митралези (LMG); јуришно).
- **Лесно оружје:** Тешки митралези (HMG); јуришно); монтирачки гранатен фрлач кој се монтира под цевката на пушката; преносливо противвоздушно оружје; преносливо противоклопно оружје; безповлечно оружје; преносливи лансири на противоклопни проектили и ракетни системи; преносливи лансири на противвоздушни ракетни системи и минофрлачи (калибар помал од 100 mm).
- **Муниција и експлозиви:** Куршуми (рамки) за мало оружје; гранати и проектили за лесно оружје; преносливи контејнери со проектили или гранати за една употреба и противвоздушни и противоклопни системи; противпешадиски и противоклопни гранати; нагазни мини и експлозиви.

Генерално, прифатено е дека терминот МЛО се однесува на оружје и муниција со калибар помал од 100 mm. Тука влегуваат не само пушките со жлебови, пиштолите и автоматските оружја туку и минофрлачи, рачни противвоздушни минофрлачи (МАНПАДС), рачни противоклопни ракети, конвенционални експлозиви и детонатори.

Во Југоисточна Европа моментално се користи следната дефиниција за мало и лесно оружје: “Целокупното смртоносно конвенционално оружје и муниција кои можат да се носат од страна на поединец или лесно возило и за кои не е потребна дополнителна логистичка поддршка и капацитети за одржување”.

Како појаснување може да се истакне дека под мало оружје се подразбира рачно огнено оружје со мал калибар, односно пиштоли, пушки, сачмарки, карабини, сите видови на полуавтоматско, како и сите видови на автоматско оружје и преносни митралези, додека под лесно оружје се подразбира широк спектар на огнено оружје од среден калибар и експлозивни направи, вклучувајќи ги и од луѓето преносливите или на возила монтирани противпешадиски, противоклопни и противвоздушни ракети, проектили, гранати, ракетни лансири, мини, противвоздушни митралези, минофрлачи, рачни фрлачи на ракети/ гранати (RPG) и сл.

Имајќи го предвид наведеното може да кажеме дека за „мало оружје“, се смета она оружје кое е наменето за лична употреба што може да се користи самостојно од страна на еден човек, додека „лесно оружје“ се смета она оружје кое е наменето за употреба од страна на неколку лица кои служат како членови на екипажот. Воедно, во мало и лесно оружје, влегуваат и сите видови на муниција поврзани со ваквите видови оружја, вклучувајќи гранати, ракети, проектили, гранати и преносни воздушни одбранбени системи (MANPADS).

Според Меѓународниот инструмент за следење (ITI): под мало и лесно оружје се подразбира секое смртоносно оружје кое се носи од еден човек што испукува или исфрла или е дизајнирано да испукува или исфрла или може лесно да се преправи да испукува или исфрла куршум, или проектил со користење на дејството на барутните гасови вклучувајќи ги и старинските мали и лесни оружја и нивните реплики. Старинските мали и лесни оружја и нивните реплики треба да бидат дефинирани согласно домашното законодавство и во никој случај не треба да го опфатат оружјето кое е произведено после 1899 година.




- под „**мало оружје**" во поширока смисла се подразбира секое оружје наменето за индивидуална употреба вклучувајќи ги меѓу другото и револверите и полуавтоматски и автоматски пиштоли, пушки и карабини, митралези, јуришни пушки (автоматски пушки) и лесни митралези;

- под „**лесно оружје**" во поширока смисла се подразбира секое оружје наменето за употреба од две или три лица кои го опслужуваат како членови на екипаж, иако некои од нив може да се носат и употребуваат од страна на едно лице. Меѓу другото, тука влегуваат: тешки митралези, рачни под цевката и монтирачки лансери за гранати, преносливи противвоздушни оружја, преносливи противтенковски оружја, безповлечни оружја, преносливи лансери на противоклопни проектили и ракетни системи, преносливи лансери на противвоздушни проектили и минофрлачи со калибар помал од 100 милиметри.

Што се однесува до терминот „пролиферација", истиот подразбира недозволена трговија и транзит на мало и лесно оружје, неговите компоненти и муницијата низ територијата на една држава, како и развој, производство, набавка и употреба на мало и лесно оружје и употреба од страна на авторитарни режими, криминални терористички групи или поединци со цел предизвикување жртви и уништување на материјални добра.

„**Огнено оружје**" значи секое преносливо оружје со цевки што исфрла, е дизајнирано да исфрли или може да се претвори во исфрлање на истрел, куршум или проектил со дејство на запаливо гориво, освен ако тоа не е исклучено од таа дефиниција со соодветниот закон и се категоризирани во овие закони. Се смета дека објектот може да се претвори во исфрлање истрел, куршум или проектил со дејство на запалив погон ако:

- има изглед на огнено оружје и

- како резултат на неговата конструкција или материјалот од кој е направен, може да се претвори така

Сите дефиниции кои се наведени во оваа стратегија се во согласност со термините опфатени во релевантните закони.

# ГЕНЕРАЛНИ ПРИНЦИПИ

Целите предвидени во Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје и Акцискиот план се водени од следните принципи:

| | |
|---|---|
| **1.** | Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје е базирана на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, закони и подзаконските акти, како и меѓународните правни инструменти; |
| **2.** | Заштита на човековите права – Согласно Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви; |
| **3.** | Принцип за гаранција на безбедност на сите граѓани – Постапување согласно одредбите од Закон за полиција кои се однесуваат на обезбедување општа безбедност на граѓаните на Република Северна Македонија и сите други лица кои трајно или привремено живеат на територијата на државата; |
| **4.** | Принцип на здравствена заштита - Третирање на лица жртви на инциденти поврзани со оружје базирани на принципите на здравствена заштита согласно релевантна законска и подзаконска регулатива за здравствена заштита; |
| **5.** | Принцип за кунтинуитет – Проблематиката за контрола на мало и лесно оружје бара континуирано и интегриран пристап од сите институции и релевантни актери; |
| **6.** | Принцип за размена на искуства, одговорности и добра пракса – овој принцип опфаќа размена на искуства, одговорности и добра пракса, поделба на одговорности на сите нивоа и интегриран пристап прифатен од сите засегнати страни во областа на контрола на оружје; |
| **7.** | Право на пристап до информации од јавен карактер – Овој принцип опфаќа права и одговорности за информирање на сите граѓани во државата во областа на ризици и последици од користење на мало и лесно оружје; |
| **8.** | Принцип на еднакви можности за жените и мажите – Овој принцип опфаќа воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во согласност со релевантната законска регулатива од областа. |

# ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија ја донесе првата Стратегија за контрола на мало и лесно оружје во 2005 година, а при нејзиното имплементирање правната рамка во голем дел беше усогласена со релевантните европски стандарди и регулативи.

Нелегално мало и лесно оружје, муниција и експлозивни материјали се лесно достапни во Република Северна Македонија веќе неколку децении. Тие главно се остаток од конфликтите на Западен Балкан. Ризикот од криминална употреба е висок и криминалците ги користат во различни видови настани, како што се заштита на патиштата за трговија со луѓе, меѓусебни конфликти, заплашување, како и рекетирање итн. Имајќи ја предвид лесната достапност на автоматско оружје и пиштоли на илегалниот пазар, голема е веројатноста дека групите за поддршка можат да испратат вакви видови оружје за да подготват и изведат напади на други локации во ЕУ. Покрај заканата Северна Македонија да се вклучи во недозволена трговија со оружје, како и конверзија на оружје, ова оружје има и свое влијание врз секојдневниот живот во земјата, при што регистрирани се неколку инциденти како убиства и обиди за убиства, инциденти со семејно насилство, како и грабежи.

Во новата проценка на закани од сериозен и организиран криминал – СОКТА 2021, која е целосно финализирана во декември 2021 година, недозволената трговија со оружје е приоритет. Согласно Проценката оружјето нелегално се тргува и криумчари при влез и транзит низ територијата на државата, при што забележан е подем на конвертирано оружје. На нелегалниот пазар доминираат продажбите на пиштоли и ловно оружје. Оружјето често се користи како средство за извршување на разбојништва и други кривичните дела, а недозволената трговија со оружје се повеќе се јавува како споредна криминална активност на организираните криминални групи кои вршат поли-криминална дејност.

Според RCC Securimeter 2021, 23% од македонските граѓани се чувствуваат многу загрозени, а 33% се чувствуваат загрозени од илегално поседување, што го прави ова повеќе од 50% од целото население. Ова е над просекот на Западен Балкан, кој има просек од 12% што се чувствува многу загрозено, а 35% се чувствува загрозено. 14% од населението во Северна Македонија би размислило да поседува пиштол, што е најголем број во Западен Балкан, од кои 56% изјавиле дека навистина ќе бараат набавка на оружје заради лична заштита или безбедност. Наведеното може да се забележи и преку големиот број барања за обезбедување од страна на приватни компании за обезбедување во земјата.

Во нашата држава има регистрирано околу 180 илјади парчиња оружје. Може да се каже дека легалното оружје регистрирано во Република Северна Македонија и нивото на барања е постојано. Најновите статистички податоци покажуваат дека повеќето барања за издавање одобренија за набавување оружје се однесуваат на пиштоли и ловечко и спортско оружје, како и пневматско оружје (Табела 1). Треба да се напомене дека пиштолите лесно се прикриваат, а исто така тие се и оружје кое е едно од најпријавените од страна на полицијата. Гледајќи ги неодамнешните промени во Директивата на ЕУ за огнено оружје и последователните предвидени измени во Законот за оружјето, специфичен фокус ќе биде на овие оружја со поголеми магазини, што содржат над 20 куршуми за кратко оружје и повеќе од 10 куршуми за долго огнено оружје.

**Табела 1**

| | 2018 | | 2019 | | 2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Барање | Одобрено | Барање | Одобрено | Барање | Одобрено |
| B1 | 2482 | 543 | 2445 | 751 | 1773 | 567 |
| B2 | 2 | 0 | 9 | 1 | 0 | 0 |
| B3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| B4 | 63 | 15 | 24 | 4 | 13 | 3 |
| B5 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| B6 | 18 | 7 | 20 | 9 | 7 | 4 |
| B7 | 37 | 2 | 38 | 5 | 53 | 7 |
| C1 | 1077 | 320 | 1116 | 511 | 787 | 385 |
| C2 | 35 | 13 | 14 | 29 | 10 | 5 |
| C3 | 1376 | 265 | 2012 | 753 | 1486 | 732 |
| C4 | 2 | 2 | 6 | 38 | 0 | 0 |
| C5 | 953 | 220 | 1107 | 499 | 740 | 380 |
| C6 | 0 | 0 | 0 | 9 | 1 | |
| C7 | 41 | 19 | 15 | 4 | 16 | 10 |
| C8 | 84 | 23 | 89 | 18 | 38 | 11 |
| C9 | 4 | 1 | 1 | 1 | 5 | 11 |
| Вкупно | 6177 | 1433 | 6897 | 2633 | 4929 | 2105 |
| D1 | 1083 | | 1830 | | 2565 | |
| D2 | 19 | | 5 | | 74 | |
| D3 | 42 | | 29 | | 4 | |
| D4 | 0 | | 105 | | 2 | |
| Вкупно | 1144 | | 1969 | | 2645 | |

Податоците од наведената табела може да се потврдат и со фактот што во Република Северна Македонија главно се увезуваат пиштоли и ловечки пушки и тоа од следните производствени земји, соодветно: Пиштоли: Австрија, Чешка, Бразил и Италија, и во помал број од Турција, Германија и Унгарија. Ловното оружје главно се увезува од Турција, Италија, Грција, Финска и Чешка. Ова значи дека најголем дел од оружјето доаѓа од ЕУ и Турција, иако увозот останува скромен.

Дополнително, гледајќи го фактот дека има голем број на граѓани кои поседуваат дозволи за оружје по стариот Закон за набавување, поседување и носење оружје, се утврдува потребата од целосна замена, односно пререгистрација на старите дозволи со нови, согласно Законот за оружјето, согласно со категоризација на ЕУ, нивото на регистрирано оружје може да се смета за ниско. Потребно е да се вложи поголем напор со цел граѓаните да се придржуваат кон Законот за оружјето.

Според студијата на UNODC (Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал) - Состојбата на организиран криминал на Западен Балкан, трговијата со оружје на Западен Балкан е претежно регионална, иако високата цена на оружјето на пазарите надвор од регионот, исто така, предизвикува трговија со огнено оружје од Западен Балкан во други делови на Европа, Западна Азија и Северна Америка. Додека најголемиот дел од пресудите за трговија со огнено оружје вклучуваат трговија од мали размери, организираните криминални групи сообраќаат огнено оружје во регионот за да воведат дисциплина, да ги заплашат ривалските групи или да обезбедат заштита на сопствените активности и членови на групата. Доказите покажуваат врски помеѓу пазарите на оружје и дрога, кражба и ситни криминали. Истиот документ не ја споменува недозволената трговија со оружје како приоритетна област за организиран криминал во Северна Македонија, но во различни профили на земји укажува дека Северна Македонија е главно транзитна земја, а особено за оружје за светлосно – звучна сигнализација.




Организираниот криминал сега се повеќе го користи интернетот (Surface and Dark Net) на глобално ниво, вклучувајќи продажба на оружје, муниција и експлозивни материи. Потребно е да се утврди колку е нивото на употреба во Република Северна Македонија, но постојат индикации дека заштитените платформи се алатка што може д да се користи.

Во извештајот за напредок на ЕУ 2020 за Република Северна Македонија се споменува следново:

На мало и лесно оружје има видливи резултати со околу 100 парчиња запленето огнено оружје годишно. Во 2019 година, повеќе од 600 парчиња оружје беа уништени. Во 2019 година, откриени се 138 кривични дела за недозволено производство, поседување и тргување со оружје или распрскувачки материи, за што кривично е поднесена пријава за 153 сторители. Четворица вработени во министерот за внатрешни работи беа номинирани како фокусна точка за огнено оружје.

Следните податоци даваат подетални бројки за запленетото оружје во 2018, 2019 и 2020 година:

**Табела 2**

| | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 167 | 150 | 171 |
| Пиштол | 86 | 76 | 63 |
| Автоматска пушка | 11 | 6 | 14 |
| Револвер | 7 | 8 | 10 |
| Рачна Бомба | 6 | 10 | 14 |
| Полуавтоматска пушка | 3 | 2 | 5 |
| Пневматска пушка | 3 | | 10 |
| Занаетчиско оружје | 3 | 1 | |
| Алармно и сигнално оружје | 4 | 5 | 12 |
| Мало калибарско оружје | 2 | | 2 |
| Ловечка пушка | 24 | 35 | 36 |
| Пушка митралез | 1 | | 3 |
| Ракетен Фрлач | 1 | | |
| Мина | 1 | 1 | |
| Муниција | 5382 | 5096 | 7180 |

Табелата погоре покажува дека запленувањата на оружје се константни со околу 160 оружја во просек, при што може да се каже дека ова е еден од најниското број на заплена во Западен Балкан. Запленетото оружје многу често припаѓа на категоријата пиштоли и ловечко оружје.

Понатаму во извештајот е наведено дека иако некои национални законодавства според „стариот пристап“ кон легислативата за производи беа дизајнирани да се усогласат со правото на ЕУ, нема напредок во Регулативата на ЕУ за регистрација, евалуација, овластување и ограничување на хемикалии (REACH). Ниту пак, имаше напредок во врска со хемикалиите, класификација, означување и пакување на супстанции и мешавини, добри лабораториски практики или ѓубрива и детергенти. Иако националната правна рамка е дизајнирана да се усогласи со правото на ЕУ за огнено оружје, не е постигнат напредок во зајакнувањето на административниот капацитет во оваа област.

Коментарот за Регулативата на ЕУ за регистрација, евалуација, овластување и ограничување на хемикалии (REACH) може особено да биде важен за регулирање на прекурзори на експлозиви.

Состојбата и анализата на криминалитетот во Република Северна Македонија не завршува со обезбедување на погоре наведените статистички податоци од Министерството за внатрешни работи, туку неопходно е активно вклучување и на надлежните јавни обвинителства и надлежните судови. Имено, од страна на надлежните јавни обвинителства потребно е да се обезбедуваат податоци за процесуирање на кривичните дела, а од надлежните судови за исходот на постапките, односно видот и висината на изречените кривични санкции и воопшто казнената политика на судот. Овие податоци се релевантни од аспект на оценување на ефикасноста на надлежните државни органи во санкционирање на овој вид на криминал, како и подигнување на јавната свест на граѓаните за сериозноста од вршење на ваков вид криминал и строгите казни предвидени за сторителите на кривични дела од ваков вид.

Понатаму, за понатамошно стратегиско планирање беше спроведена анализа за скенирање хоризонти во врска со трендовите кои веќе се појавуваат во ЕУ и можат да имаат влијание врз Западен Балкан. Специфични ризици како што се 3Д печатење, пиштоли – духови (ghost guns), оружје направено од делови од различни производители, реактивирано оружје, оружје произведено со механизам флоберт, како и алати за конвертирање беа анализирани со цел да се решат ранливостите во правната рамка и оперативните процедури за борба против овие ризици. Понатаму, потребна е понатамошна работа во врска со истрагите преку Интернет, како и откривање при испорака на пратки.

Дополнително, за поддршка на имплементацијата на Патоказот во тек се проценки, како и препораки кои се во фаза на имплементирање:

1. Табела за усогласеност на релевантните поврзани закони беше развиена со регулаторната рамка на ЕУ: Законите ќе бидат изменети соодветно;

2. Споредба на Кривичниот законик со Протоколот за огнено оружје на УН: Во тек се измени и дополнувања на Кривичниот законик;

3. Проценка на Законот за кривична постапка и спроведување на истраги преку Интернет: Surafce web и Darknet: препораките што треба да се решат;

4. Проценка на потребите за Граничната полиција: Извештај за проценка прифатен и препораки во целост во процесот на имплементација;

5. Проценка на потребите за криминалистичка полиција: Извршена е проценка за потребите на криминалистичка полиција и во тек е изготвување на препораките од групата експерти;

6. Извештај за родови аспекти на законодавството: Извештајот за проценка е прифатен и препораките ќе бидат разгледани. Надолу се претставени делови од овој извештај.

**Сопственоста на огненото оружје и пристапот до огнено оружје се многу родови.** Бројот на носители на дозволи за огнено оружје во Република Северна Македонија постојано се зголемува од 160.516 во 2012 година на 173.704 до 2016 година - зголемување од 8,2%. Следствено, бројот на регистрирано огнено оружје во посед на цивили се зголеми од 165.815 во 2012 година на 179.151 до 2016 година, со вкупно зголемување од 8%. Мажите учествуваат со 99,5% од носителите на дозволи за огнено оружје во текот на сите пет години, додека процентот на жени кои поседувале дозвола за оружје останал на 0,5% во текот на целата година. Во 2016 година, 172.790 мажи и 914 жени имале дозволи за огнено оружје. Помеѓу 2012 и 2016 година, мажите добиле 99,1% од сите лиценци, наспроти 0,9% стекнати од жени. Само во 2016 година, 33.781 маж и 254 жени аплицирале за нови лиценци. Мажите на возраст од

36 до 60 години сочинуваат 51,8% од сите апликанти, по што следат мажите на возраст од 18 до 35 години со 43,8%. Меѓу жените, оние од 36 до 60 години имале најголема веројатност да аплицираат за лиценци, што претставува 60,8% од сите женски апликанти.

**Диференцирани ефекти на огнено оружје врз жени и мажи.** Во Република Северна Македонија, вкупно 1.833 кривични дела извршени со огнено оружје се регистрирани помеѓу 2012 и 2016 година. 97,7% од кривичните дела поврзани со огнено оружје се извршени од мажи, а само 2,3% од жени.

Огненото оружје беше најчесто користениот инструмент за извршување убиства помеѓу 2012 и 2016 година, со тоа што 58,6% од убиствата (или 75 од 128) вклучуваат огнено оружје. Во целокупната структура на убиствата на жените и мажите, смртните случаи поврзани со огнено оружје беа вообичаени и за жените и за мажите. Две третини од убиените мажи и нешто помалку од секоја втора убиена жена биле убиени со огнено оружје. Мажите ги претставуваат мнозинството жртви на убиства поврзани со огнено оружје, што претставува 76% од сите убиства, наспроти 24% жени. Ова се преведува во 57 пријавени случаи на убиство поврзано со огнено оружје во кое жртвата била маж и 18 случаи во кои жртвата била жена. Мажите сочинуваат 78,7%, а жените 21,3% од повредените со огнено оружје. Меѓутоа, во однос на злоупотреба на огнено оружје, самоубиствата сочинуваа најголем дел од сите смртни случаи поврзани со огнено оружје со 56,1%, проследено со убиства (41,7%) и случајни смртни случаи (2,2%). Не се дадени податоци поделени по пол и возраст во врска со бројот на самоубиства со огнено оружје.

**Злоупотреба на огнено оружје и семејно насилство.** Секое трето убиство во Република Северна Македонија е извршено во домашен контекст. Од 2012 до 2016 година, 42 лица биле убиени од членови на семејството, без разлика дали се работи за огнено оружје или со различни средства, што претставува 32,8% од сите убиства во земјата. Семејното насилство ги погоди и жените и мажите, при што мажите сочинуваат 64,3% од лицата убиени од членовите на семејството во текот на анкетниот период (27), а жените 35,7% од жртвите (15). Од сите убиства извршени во домашен контекст, 23,8% се извршени од интимен партнер. Насилството од интимен партнер со смртоносен исход несразмерно ги погоди жените, со впечатлива полова диференцијација. Жените ги сочинуваат сите жртви на убиства од интимен партнер, без да се пријават случаи на мажи убиени од нивниот интимен партнер за време на периодот на истражување. Убиствата од интимни партнери сочинуваа огромно мнозинство (66,7%) од женските убиства извршени во домашен контекст. Понатаму, секоја четврта жена убиена за време на анкетниот период била убиена од нејзиниот поранешен или сегашен интимен партнер. Во текот на целиот анкетен период, ниту една апликација не беше одбиена врз основа на семејно насилство, што е во спротивност со високата инцидента на семејно насилство во Република Северна Македонија[1] и фактот дека членот 12 од Законот 10-4024/10 дозволува отфрлање на барање за дозвола за огнено оружје врз основа на „нарушени семејни односи“ и „семејно насилство“. Маргинални 2,4% беа отповикани во 2012 година врз основа на семејно насилство, но ова се зголеми на 7,9% до 2016 година.

**Родови аспекти на побарувачката и злоупотреба на огнено оружје.** Во Република Северна Македонија, мнозинството испитаници (76%) рекоа дека нема да поседуваат пиштол. Жените (85%) имале поголема веројатност од мажите (64%) да пријават дека не поседуваат пиштол.

Побарувачката за огнено оружје е многу родова. 35,5% од мажите и 15% од жените анкетирани во 2017 година би поседувале пиштол. Мажите на возраст од 16 до 24 години и оние постари од 65 години најверојатно велат дека би поседувале пиштол. Доминантните испитаници (42%) кои би поседувале пиштол биле мажи на возраст од 16 до 34 години и постари од 65 години. Испитаниците почесто мислеле дека присуството на пиштол дома ќе ги направи да се чувствуваат помалку безбедни (58%) отколку побезбедни (42 %). Повеќе мажи (49%) отколку жени (37%) рекле дека имањето пиштол дома ја подобрува безбедноста.

[1] *OSCE-led Survey on Violence Against Women: North Macedonia - Results Report, 2019*



# ЦЕЛ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ

Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје претставува општа рамка на активности на Република Северна Македонија насочени кон контрола, превенција и искоренување на пролиферацијата на малото и лесно оружје и неговите компоненти, како и муницијата и експлозивните материи. Истата претставува водич за унапредување на постоечките, како и за развој на нови мерки, механизми и инструменти за контрола, превенција и искоренување на пролиферацијата на малото и лесно оружје и неговите компоненти, како и муницијата.

# ОПШТА ЦЕЛ

Да се создаде побезбеден амбиент и контрола на малото и лесно оружје во општеството со цел да се унапредат условите за подобрување на општата безбедност во Република Северна Македонија.

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

| ЦЕЛ 1: | ДО 2023 ГОДИНА, ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ДЕКА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА КОНТРОЛА НА ОРУЖЈЕТО Е УСОГЛАСЕНО СО РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА НА ЕУ И ДРУГИ СРОДНИ МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ |
|---|---|
| **1.1 Воспоставување законска и подзаконска рамка во врска со огненото оружје, муницијата и експлозиви за цивилна и за воена употреба и прекурзори (вклучително и за легално поседување, деактивирање, складирање, производство, малопродажба, трговија, транзит, увоз-извоз, обука, обележување, неконвертибилно оружје, пронаоѓање, водење евиденција и надзор, експлозивни материи и прекурзори) и нејзино усогласување со стандардите на ООН, ОБСЕ и ЕУ** | |
| Активности | 1.1.1 Изготвување закони и подзаконски акти за експлозивни материи за цивилна употреба |
| | 1.1.2 Изготвување закони и подзаконски акти за оружје |
| | 1.1.3 Усогласување на Законот за оружје со Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата |
| | 1.1.4 Изготвување подзаконски акти на Законот за развој, производство и промет на воени стоки |
| | 1.1.5 Спроведување на ревизија на документацијата (desk review) и изготвување Закон за експлозивни прекурзори |
| | 1.1.6 Зголемување на капацитетот за спроведување, преку планирање, обука на човечки ресурси и техничка опрема |
| **1.2 Усогласување на законската рамка на Кривичниот законик, Законот за кривичната постапка и контролата на оружје со Протоколот за огнено оружје на ОН, како и со други релевантни меѓународни документи** | |
| Активности | 1.2.1 Измени и дополнувања на Кривичниот законик во согласност со препораките од Проценката за усогласеност на КЗ со Протоколот за огнено оружје – UNFP, подготвена од UNODC |
| | 1.2.2 Спроведување анализа на недостатоците на Законот за кривичната постапка во делот на електронските докази, како и донесување измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка кога ќе биде потребно |
| **1.3 Обезбедување усогласеност на категоризацијата на огнено оружје и експлозивни материи и релевантната законска рамка, што придонесува кон директна оперативна соработка** | |
| Активности | 1.3.1 Учество на регионална работилница за усогласување и билатерални контакти со јурисдикциите од Западен Балкан, во тек на периодите на транзиција на законската рамка за експлозивни материи за цивилна употреба |
| **1.4 Обезбедување спроведување анализа за имплементација на релевантното законодавство и институционални практики за да се превенира злоупотреба на огнено оружје во контекст на домашното насилство и насилството од интимни партнери** | |
| Активности | 1.4.1 Спроведување на препораки од извештајот за родов скрининг |
| | 1.4.2 Овозможување имплементација на анализа на имплементацијата на националното законодавство и националните практики за спречување на семејно насилство, насилство врз партнер |
| | 1.4.3 Развивање алатки и имплементација на обуки за родови аспекти во врска со проценка на ризик при семејно насилство со употреба на огнено оружје |

**1.5 Обезбедување развојни алатки и спроведување обуки за релевантните професионалци за родово чувствителното одобрување лиценци и проценка на ризикот во врска со присуството на огнено оружје во домашното насилство**

| | |
|---|---|
| **Активности** | 1.5.1 Вклучување на родово чувствителни алатки во законската рамка за оружје |
| | 1.5.2 Учество во релевантни обуки |
| | 1.5.3 Изготвување проценка на ризикот на полициските службеници (патролен полициски службеник, дежурен центар и повисокото раководство) |
| | 1.5.4 Обука за службените лица за проценка на ризикот |

## ЦЕЛ 2: ДО 2024 ГОДИНА, ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ДЕКА ПОЛИТИКИТЕ И ПРАКТИКИТЕ ЗА КОНТРОЛА НА ОРУЖЈЕТО СЕ ЗАСНОВАНИ НА ДОКАЗИ И ВОДЕНИ ОД РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ

**2.1 Зајакнување на улогата и капацитетите на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје**

| | |
|---|---|
| **Активности** | 2.1.1 Воспоставување процедури во Деловникот на Националната комисија за мало и лесно оружје и обезбедување балансирано учество на жените и мажите во Комисијата за мало и лесно оружје; водење сметка за воспоставување механизам за учество во релевантниот родов механизам и граѓански организации што работат на родова еднаквост и родово базирано насилство во изготвувањето на политиките за контрола на мало и лесно оружје |
| | 2.1.2 Спроведување обука за родовите аспекти на мало и лесно оружје за членовите на Комисијата за мало и лесно оружје и сите други институции одговорни за спроведување на политиките за контрола на мало и лесно оружје |
| | 2.1.3 Да се спроведе анализа на спроведувањето на релевантното законодавство и институционални практики за превенција на злоупотребата на огнено оружје во контекст на домашното насилство и активно партнерско насилство/насилство врз интимен партнер |

**2.2 Операционализација на националните контакт точки за огнено оружје во согласност со упатствата на Европска унија**

| | |
|---|---|
| **Активности** | 2.2.1 Повторно поврзување на потребните бази на податоци со Ibase: WRMS, CEMS, IMS итн. |
| | 2.2.2 Мониторинг и анализа на криминалот поврзан со огнено оружје, муниција и експлозиви, со податоци расчленети по род и возраст |
| | 2.2.3 Унапредување на националните аналитички капацитети и институционализирање на анализата на податоци за огнено оружје |
| | 2.2.4 Воспоставување систем за прибирање податоци во сите релевантни институции, во однос на ефектите од огненото оружје и неговата дистрибуција |
| | 2.2.5 Спроведување на студија за влијание |

**2.3 Зајакнување на капацитетите за работа на политиките врз основа на разузнавачки информации во поглед на незаконското поседување на огнено оружје/IAT**

| | |
|---|---|
| **Активности** | 2.3.1 Да се примени пристапот на полициско работење водено од разузнавачки информации на криминалот поврзан со огнено оружје |
| | 2.3.2 Да се воведе задолжителна рамка на оперативни информации |
| | 2.3.3 Финализирање на полицискиот информациски систем (IMS), негова операционализација и поврзување со националната точка за оружје |

| | |
|---|---|
| **2.4 Обезбедување размена на оперативни и стратегиски информации, податоци, разузнавачки продукти, како и доказни материјали со Europol, Frontex, Eurojust и Interpol** | |
| **Активности** | 2.4.1 Анализа на можноста за вклучување во регионално договорена задолжителна размена на податоци за сите корисници на Западен Балкан, што ќе овозможи подобрување на проактивните истраги на национално, регионално и меѓународно ниво |
| | 2.4.2 Спроведување на регионално договорена постапка за размена на балистички информации |
| **2.5 Зајакнување на соработката и учество во релевантни тренинг центри од регионален и меѓународен карактер/Учество на регионални и меѓународни конференции и семинари во областа на мало и лесно оружје, како и експлозиви и прекурзори** | |
| **Активности** | 2.5.1 Редовно придонесување кон регионалните процеси и механизми, во рамки на Патоказот, SEEFEN, Комисија за мало и лесно оружје, национална точка за оружје, RACVIAC, EMPACT и други |
| | 2.5.2 Учество во EMPACT Оперативен акционен план за трговија со оружје (OAPs) и учество во релевантни оперативни акции |
| | 2.5.3 Учество во специфични обуки, како SEESAC, CEPOL итн. |
| **2.6 Да се обезбеди исполнување на барањата за известување, согласно со различните договори со регионални и меѓународни организации во областите на контрола на оружјето** | |
| **Активности** | 2.6.1 Известување преку Министерството за надворешни работи во врска со ОН, ОБСЕ, АТТ и други сродни меѓународни инструменти |
| | 2.6.2 Известување за напредокот во спроведување на Патоказот за одржливо решение за нелегално поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО) и нивната муниција во Западен Балкан до 2024 година |
| | 2.6.3 Спроведување на известување за извозот на оружје |
| | 2.6.4 Известување до UNODC во поглед на Прашалникот на ОН за незаконски текови (UN-IAFQ) |
| **2.7 Подобрување на капацитетите и способностите за обележување, пронаоѓање и водење евиденција за мало и лесно оружје, експлозиви и експлозивни прекурзори** | |
| **Активности** | 2.7.1 Имплементација на новиот софтвер за регистрација на огнено оружје и издавање лиценци за огнено оружје на правните и физичките лица, како и воспоставување компјутеризиран систем за регистрација на лиценците за увоз, извоз и транзит, како и онлајн систем за следење на огненото оружје на територијата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги складовите на огненото оружје на правните лица (WRMS) |
| | 2.7.2 Да се обезбеди следење на загубеното и украденото огнено оружје преку INTERPOL's iARMS и да се изготви СОП за извештај за следење |
| | 2.7.3 Изработка на софтвер за контрола на експлозиви, вклучувајќи и можност за следење (tracing) |
| | 2.7.4 Изготвување на систем на лиценцирање на експлозивни прекурзори и документирање на сомнителни трансфери |
| | 2.7.5 Купување машина за обележување, за обележување при увоз и деактивација и сродна обука |
| | 2.7.6 Учество во обука за обнова на сериски број |

| | |
|---|---|
| **2.8 Целосна интеграција на прашањата на родот и возраста, во политиките за контрола на МЛО и обезбедување значајно учество на жените во контролата на МЛО** | |
| **Активности** | 2.8.1 Да се осигура еднакво учество на жените во контрола на мало и лесно оружје |
| | 2.8.2 Да се спроведе анализа на имплементацијата на соодветното законодавство и институционалните практики за да се спречи злоупотреба на огнено оружје во контекст на семејно насилство и насилство од интимен партнер |
| | 2.8.3 Развивање алатки и спроведување обуки за релевантни професионалци за одобрување лиценца за родово чувствителна состојба и проценка на ризик поврзани со присуство на огнено оружје во семејно насилство |
| | 2.8.4 Развивање превентивни мерки за решавање на половите и други фактори што ја поттикнуваат побарувачката и злоупотреба на огнено оружје, особено насочени кон млади мажи |
| | 2.8.5 Воспоставување механизам за учество на соодветните родови механизми и граѓански организации кои работат на родова еднаквост и родово базирано насилство во развојот на политиката за контрола на МЛО |
| **2.9 Институционализирање на систематското прибирање на кривично-правни податоци од полицијата и царинската управа, обвинителството, судовите и казнено-поправните институции** | |
| **Активности** | 2.9.1 Воспоставување работна група во однос на податоците за криминалот со огнено оружје, кои се прибираат согласно прашалникот за илегални текови на оружје - IAFQ |
| | 2.9.2 Согласност околу заедничка методологија за прибирање податоци за криминалот со огнено оружје, со цел да се унапреди процесот за одговарање на прашалникот за илегални текови на оружје - IAFQ |
| | 2.9.3 Спроведување на студија за евалуација на судските практики во поглед на криминалот со огнено оружје |
| **2.10 Воспоставување систем за прибирање податоци во сите релевантни институции во однос на ефектите на огненото оружје и неговата дистрибуција** | |
| **Активности** | 2.10.1 Развивање база на податоци за контакт точката за оружје и идентификување на релевантни бази на податоци што можат да обезбедат податоци |
| | 2.10.2 Нацрт СОП за собирање податоци за криминал со оружје |
| **2.11 Воспоставување механизам за учество на релевантните родови механизми (како што се претставници на Министерство за труд и социјална политика и граѓански организации што работат на родова еднаквост и родово базирано насилство во развојот на политиките за контрола на мало и лесно оружје** | |
| **Активности** | 2.11.1 Формирање работна група за воспоставување релевантни родови механизми и институционално следење на проблематиката поврзана со родова еднаквост, со вклучување на експерти од областа од надлежни институции и релевантни невладини организации |

| ЦЕЛ 3: | ДО 2024, ГОДИНА, ЗНАЧИТЕЛНО ДА СЕ НАМАЛАТ НЕЛЕГАЛНИТЕ ТЕКОВИ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВИ (КОН, ВО РАМКИ НА И ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА) |
|---|---|
| **3.1 Зголемување на капацитетите за детекција, идентификација и испитување со цел да се превенира и сузбие трговијата со муниција и експлозивни материи** | |
| **Активности** | 3.1.1 Спроведување на проценка на потребите на Гранична полиција и последователни активности по препораките во врска со СОП, опрема итн. |
| | 3.1.2 Спроведување на проценка на потребите на криминалистичка полиција и последователни активности по препораките во врска со СОП, опрема итн. |
| | 3.1.3 Изготвување процедури за натамошно документирање на запленетите муниција, рачни гранати и експлозивни материи |
| | 3.1.4 Изготвување анализа на ризикот, согласно методологијата CIRAM и WCO (World Custom Organization) |
| | 3.1.5 Натамошно развивање на капацитетите на К9 |
| | 3.1.6 Спроведување активности за откривање на нелегална трговија со оружје, негови делови и компоненти и муниција и експлозиви преку поштенски пратки |
| | 3.1.7 Зголемување на капацитетите за онлајн истраги, вклучувајќи анализа на Интернет, даркнет, користење криптовалути и енкриптирани платформи како Телеграм |
| | 3.1.8 Зголемување на капацитетите за користење на електронски докази во прекугранични истраги поврзани со огнено оружје и организиран криминал |
| **3.2 Зголемување на капацитетот на судството и обвинителството за истражување, гонење и судење на криминалот поврзан со огнено оружје** | |
| **Активности** | 3.2.1 Изготвување Водич за спроведување на истраги и гонење на кривични дела поврзани со огнено оружје и негово интегрирање во програмата на Академијата за судии и обвинители |
| | 3.2.2 Унапредување на меѓу-институционалната соработка и координација во водењето на постапките во полиција, царина и јавно обвинителство |
| | 3.2.3 Зголемување на капацитетите на судството и обвинителството за гонење и пресудување на случаи поврзани со огнено оружје |
| | 3.2.4 Пристап на националната точка за оружје до обвинителите |
| | 3.2.5 Пристап на форензички експерти до обвинителите |
| **3.3 Национална контрола на увозот, извозот, трговијата, посредувањето, транзитот и производството и продажбата на мало и лесно оружје и експлозивни материи** | |
| **Активности** | 3.3.1 Да се обезбедат насоки за правните лица во однос на внатрешната контрола |
| | 3.3.2 Изготвување насоки за проценка на ризикот во согласност со меѓународните договори (Заедничка позиција на ЕУ, АТТ и други релевантни документи) и обука за владините службеници |
| | 3.3.3 Усогласување на листата на воена опрема со Листата на ЕУ |
| | 3.3.4 Да се спроведе програма за натамошна поддршка на сертификацијата при испорака и после испорака, вклучувајќи сообразување на сертификатот за краен корисник, вклучување на вработените во Амбасадата и соработка со други релевантни амбасади |
| | 3.3.5 Да се подобри транспарентноста на увозот и извозот на оружје |
| | 3.3.6 Да се воспостави контролен механизам за лиценцирање, промет и користење на експлозивни прекурзори |

| **3.4 Зајакнување на оперативната соработка и учество во Заедничките акциски денови на EMPACT, оперативните акциски планови и заедничките истражни тимови** | |
|---|---|
| **Активности** | 3.4.1 Дополнително да се зголеми учеството во Оперативни акциски денови во рамки на EMPACT, покрај Оперативни акциски денови Западен Балкан |
| | 3.4.2 Да се спроведе обука за изготвување договори за заеднички истражни тимови за правната служба, во согласност со EU JIT модел договор и JIT практичен водич |
| | 3.4.3 Учество во заеднички истражни тимови, кога е потребно |

| **ЦЕЛ 4:** | **ДО 2024 ГОДИНА ЗНАЧИТЕЛНО ДА СЕ НАМАЛИ ПОНУДАТА, ПОБАРУВАЧКАТА И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ПРЕКУ ЗГОЛЕМЕНА СВЕСТ, ОБРАЗОВАНИЕ, АКТИВНОСТИ ЗА СОРАБОТКА (OUTREACH) И ЗАСТАПУВАЊЕ И ДА СЕ НАМАЛИ ПРОЦЕНЕТИОТ БРОЈ НА НЕЗАКОНСКИ ПОСЕДУВАНО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ** |
|---|---|
| **4.1 Значително да се зголеми бројот на запленето илегално огнено оружје, муниција и експлозивни материи** | |
| **Активности** | 4.1.1 Да се спроведат ILP операции врз основа на продуктите на знаење изготвени од националната точка за оружје и аналитичарите |
| | 4.1.2 Да се информираат училиштата да ги предадат сите материјали заостанати од обуката за територијална одбрана |
| | 4.1.3 Спроведување на онлајн истраги во врска со нелегална трговија со оружје |
| | 4.1.4 Формирање на заеднички оперативни тимови помеѓу релевантните оддели за криминалистичка полиција |
| **4.2 Спроведување акции за доброволно предавање и собирање на огнено оружје и негова легализација** | |
| **Активности** | 4.2.1 Обезбедување законска рамка за доброволно предавање и легализација |
| | 4.2.2 Спроведување кампањи за доброволно предавање и легализација, вклучувајќи кампањи за подигање на свеста |
| **4.3 Подигање на свеста за деактивација и деактивацијата како начин за легализирање на огненото оружје за да се намали незаконското поседување на огнено оружје** | |
| **Активности** | 4.3.1 Спроведување програма за трајно деактивирање на времено деактивираното оружје |
| | 4.3.2 Воспоставување законска рамка за деактивирање на оружјето, вклучувајќи го и трофејното оружје |
| | 4.3.3 Спроведување кампањи за подигање на свеста во врска со деактивацијата |
| **4.4 Зголемување на административните капацитети и насочени активности за целосна перерегистрација во пропишаниот рок, како и осврт на соодветно откриеното и наследеното огнено оружје** | |
| **Активности** | 4.4.1 Анализа на старата база на податоци и спроведување на рекатегоризација на оружјето што не е регистрирано |
| | 4.4.2 Спроведување кампањи за информирање на релевантните граѓани во врска со законските можности и последици |
| | 4.4.3 Оперативни активности кон граѓаните што нема да се регистрираат |

| | |
|---|---|
| **4.5 Подигнување на свеста на граѓаните за опасноста од користење мало и лесно оружје и пиротехника, со цел да се намали злоупотребата на оружје и пиротехника во заедницата** | |
| **Активности** | 4.5.1 Спроведување кампањи за подигање на свеста со прецизна временска динамика и цели |
| | 4.5.2 Спроведување превентивни активности од страна на полицијата |
| | 4.5.3 Изработка на Практичен водич за националното законодавство за огнено оружје |
| **4.6 Подигнување на свеста меѓу лиценцираните физички и правни лица за опасноста од злоупотребата и илегалната пролиферација на огнено оружје/Подигнување на свеста за ризикот од диверзија, од производителите на огнено оружје, муниција и експлозивни материи** | |
| **Активности** | 4.6.1 Спроведување на интерна програма за усогласеност |
| | 4.6.2 Имплементирање на програма за внатрешна усогласеност |
| **4.7 Развивање одржливи партнерства за да се зголеми лобирањето и информирањето со цел да се допре до мултипликаторите на пораки** | |
| **Активности** | 4.7.1 Спроведување на активности за соработка со здруженијата за стрелаштво, лов и обука |
| | 4.7.2 Спроведување на активности за соработка (outreach) и потенцијална соработка со женските и младинските НВО |
| | 4.7.3 Спроведување на активности за соработка (outreach) и потенцијална соработка со медиумите |
| **4.8 Зголемување на јавната доверба во безбедносните институции и зголемување на комуникацијата и капацитетот да се помогне на институциите за јавна безбедност** | |
| **Активности** | 4.8.1 Да се испита синхронизацијата со политиките на полициско работење во заедницата |
| | 4.8.2 Зголемување на соработката со надлежната организациска единица за стратегии во Полицијата, со цел да се намали времето за интервенција на Полицијата и потенцијална јавна анкета за довербата во Полицијата и задоволството од неа |
| **4.9 Освррнување на родовите и други фактори што ја поттикнуваат побарувачката и злоупотребата на огнено оружје со особено таргетирање на младите мажи** | |
| **Активности** | 4.9.1 Да се изготват превентивни мерки за осврнување на родовите и другите фактори што ја поттикнуваат побарувачката и злоупотребата на огнено оружје, со особено таргетирање на младите мажи |

| ЦЕЛ 5: | СИСТЕМАТСКО НАМАЛУВАЊЕ НА ВИШОКОТ И УНИШТУВАЊЕ НА ЗАПЛЕНЕТОТО МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА И ЗНАЧИТЕЛНО НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД ПРОЛИФЕРАЦИЈА И ПРЕНАСОЧУВАЊЕ НА ОГНЕНОТО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ |
|---|---|
| **5.1 Систематско и јавно уништување на пронајденото и конфискувано оружје и муниција** | |
| **Активности** | 5.1.1 Редовно организирање настан за јавно уништување на оружје и муниција врз основа на СОП за уништување и оперативни акциски планови (ОАП) договорени меѓу Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Дирекцијата за заштита и спасување и Агенцијата за управување со одземен имот, како и обвинителството |
| **5.2 Подобрување на управувањето со залихите и намалување на вишоците од мало и лесно оружје и муниција преку уништување, на еколошки безопасен начин, во согласност со IATG и/или други меѓународни стандарди** | |
| **Активности** | 5.2.1 Да се спроведе пресметка на вишокот и да се определат потенцијални локации |
| | 5.2.2 Да се спроведе обука на инспектори во сферата на IATG и тие да се сертифицираат согласно со програмата на ОН Safer guard |
| | 5.2.3 Да се изготват процедури за безбедност на складирање (програма за чување, ракување и складирање на оружје и муниција за шумската полиција) |
| **5.3. Зајакнување на капацитетите за инспекција и подобрување на управувањето со животниот циклус на малото и лесно оружје/Инспекција од државни институции и од страна на правни лица** | |
| **Активности** | 5.3.1 Понатамошен развој на проектот за менаџирање на животниот циклус на муницијата (LCM project) во Министерство за одбрана |
| **5.4 Обезбедување сигурни и безбедни објекти за складирање на мало и лесно оружје/огнено оружје и муниција** | |
| **Активности** | 5.4.1 Да се спроведе студија за безбедност и сигурност и количина на експлозив (NEQ) во сите објекти за складирање муниција што припаѓаат на Министерство за внатрешни работи и правните лица и да се определат лиценци за одредување на количината на експлозив на едно место (ELL) и безбедни зони |
| | 5.4.2 Да се спроведе обука на инспектори во сферата на IATG и тие да се сертифицираат согласно со програмата UN Safer guard |

# НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА МЛО

## Улога на Националната комисија за МЛО

Примарната улога на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје е да планира, координира и спроведува мерки и активности за контрола на МЛО на национално ниво заради обезбедување на побезбеден амбиент и контрола врз малото и лесно оружје во општеството со што се создаваат услови за подобрување на општата безбедност во земјата.

Задачи на Националната комисија за МЛО:

а) Идентификување, одредување и определување на влијанието на МЛО врз општеството, безбедноста и економско-социјалниот развој на земјата;

б) Определување на приоритетите во интервенцијата за контрола на МЛО и имплементација на НАП;

в) Утврдување и развивање на оперативните мерки на интервенцијата за контрола на МЛО кои произлегуваат од целта;

г) Развивање и проширување на Националниот акционен план за МЛО;

д) Обезбедување на доволни извори и нивно мобилизирање каде што е потребно, за спроведување на Националниот акционен план за МЛО;

ѓ) Одобрување на деталните предлози за МЛО, интервенција од сите соодветни учесници,, вклучувајќи ги законодавните прашања за поддршка на Националниот акционен план за МЛО;

е) Координирање на активностите на сите соодветни учесници за поддршка на Националниот акционен план за МЛО;

ж) Доставување навремени информации до сите соодветни учесници за поддршка на Националниот акционен план;

з) Набљудување на сите компоненти на преземени мерки и активности за МЛО за поддршка на Националниот акционен план за МЛО;

ѕ) Оценување на сите компоненти на мерките и активностите за МЛО во поддршка на Националниот акционен план за МЛО;

и) Ажурирање на Националниот акционен план за МЛО согласно со променетите услови;

ј) Известување за преземените мерки и активности за МЛО до Одделот за Разоружување на ОН во согласност со Планот за акција за МЛО на ОН;

к) Известување за преземените мерки и активности за МЛО до ОБСЕ во согласност со Документот на ОБСЕ за МЛО;

л) Спроведување на Програмата за Акција на ОН за превенција, борба и искоренување на недозволената трговија со МЛО од сите негови аспекти; на Документот на ОБСЕ за МЛО; на Документот на ОБСЕ за складирање на конвенционална муниција и која било санкција на ОН и рестриктивна мерка на ЕУ кои се однесуваат на извозот на МЛО;

љ) Организирање работни состаноци, чија динамика ја одредува претседателот на Националната комисија за МЛО;

м) Доставување годишен извештај до Владата на Република Македонија за нејзината работа и прогресот направен во однос на спроведените оперативни мерки дефинирани во Националната стратегија и Акциониот план.

МЛО Улогата и задачите на Комисијата за МЛО се подетално опишани во Деловникот за работа на Комисијата за МЛО.

Составот на Националната комисија за МЛО го определува Владата на Република Македонија со одлука, а на предлог на соодветните министерства и други институции.

**Релевантни учесници кои се застапени во Националната комисија за МЛО се:**

- Министерството за внатрешни работи, (претставници од релевантните служби кои работат на ова прашање)
- Министерство за одбрана,
- Министерство за правда,
- Министерство за надворешни работи,
- Министерство за економија,
- Министерство за образование и наука,
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и
- Министерство за финансии - Царинска управа
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија

**Учесници кои учествуваат на покана на Националната комисија за МЛО:**

- Министерство за локална самоуправа,
- Министерство за труд и социјална политика,
- Агенција за млади и спорт,
- Агенција за управување со одземен имот.

Во работата на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје по потреба, односно кога ќе се оцени дека одредено прашање што е на дневен ред на НК за МЛО треба да се разгледува, а има допирни точки со нивната работа се повикуваат претставници од следниве организации:

- Претставник од невладина организација (НВО) и
- Други меѓународни организации кои директно го имплементираат проектот за МЛО интервенција.

Претседател на Националната комисија е лице на висока раководна функција во МВР. Работата на Националната комисија е поддржана од секретар и Секретаријат.

За исполнување на своите активности и одговорности во процесот на контрола на пролиферацијата на мало и лесно оружје на територијата на Република Северна Македонија, во составот на Националната комисија за контрола на мало и лесно оружје се определува и национално контакт лице.

# НАДЗОР И ОЦЕНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Надзорот и оценувањето се во надлежност на сите министерства и институции кои се вклучени во имплементација на Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје.

Надзорот и оценувањето на Стратегијата овозможува на високо ниво, ефективна стратегија што ќе овозможи тековен преглед, анализа и разбирање на перформансите на проектот (или програмата) во текот на неговата имплементација.

На овој начин се поставува рамка за да се овозможи правилно и точно известување, да се обезбеди основа за постојано подобрување и механизми за оценување на успесите и предизвиците со кои се соочуваат стручните служби при имплементација на програмите, односно проектите, со надеж за учење преку проблемите со кои се соочуваат.

Со цел успешно следење на имплементацијата на Стратегијата и нејзиниот Акциски план, во Акцискиот план се воспоставуваат мерливи индикатори. Тие се засноваат на следното:

1. основните податоци што ја покажуваат ситуацијата пред онаа на која ќе влијае проектот и
2. засегнатите страни и засегнатата заедница.

Националната комисија редовно ја следи имплементацијата на активностите, како и проектите за поддршка, со цел да се утврди дали тие започнале, кое е нивото на нивната имплементација и кои се влијанијата и предизвиците.

Преку правилно спроведување на надзорот ќе се задоволат следните барања:

- барања за известување (согласно прифатени обврски од договори);
- услов за квалитет (Степен на квалитетна реализација на проектот/активноста);
- барања за ризик (кои се предизвиците и ризиците);
- потребите на барателите, законодавството и многу други фактори.

Во продолжение се наведени главните извештаи на Националната комисија за мало и лесно оружје како алатка за редовно следење на степенот на имплементација на Акцискиот план:

1. Годишен извештај на НКМЛО до Владата на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година, за претходната година;
2. Извештај два пати годишно во април и октомври за спроведување на целите од Патоказот: известување за клучните индикатори за успешност и наративен извештај преку онлајн алатка за известување;
3. Известување согласно документите на ООН, ОБСЕ и ЕУ според нивните вклучени барања и алатки;
4. Известувања во врска со завршени проекти и влијанието од истите врз работењето на засегнатите страни;
5. Известување за евалуацијата на напредок на проекти со меѓународни организации.

# НАЦИОНАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ (МЛО) 2022-2024

**ЦЕЛ 1: ДО 2023 ГОДИНА, ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ДЕКА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА КОНТРОЛА НА ОРУЖЈЕТО Е УСОГЛАСЕНО СО РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА НА ЕУ И ДРУГИ СРОДНИ МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ**

| КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | АКТИВНОСТ | ВОДЕЧКИ МИНИСТЕРСТВА И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И УЧЕСНИЦИ | ПЕРИОД | ИЗВОРИ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА | КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ НА УСПЕШНОСТА |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Воспоставување законска и подзаконска рамка во врска со огненото оружје, муницијата и експлозиви за цивилна и воена употреба и прекурзори (вклучително и за легално поседување, деактивирање, складирање, производство, малопродажба, трговија, транзит, увоз-извоз, обука, обележување, неконвертибилно оружје, пронаоѓање, водење евиденција и надзор, експлозивни материи и прекурзори) и нејзино усогласување со стандардите на ООН, ОБСЕ и ЕУ** ↓ | 1.1.1 Изготвување закони и подзаконски акти за експлозивни материи за цивилна употреба | Министерство за внатрешни работи | 2022 | Буџет/SEESAC[2] | 1.1.1 Закон за експлозиви за цивилна употреба донесен, како и подзаконски акти, спроведена обука, функционален софтвер и број на категоризирани експлозивни материи |
| | • Обука за инспектори за надзор над овој закон | Министерство за внатрешни работи | 2022 | Буџет/SEESAC | |
| | • Техничка помош за категоризација на експлозивни материи | Министерство за внатрешни работи | 2022 | Буџет/SEESAC | |
| | • Обука за безбедност и сигурност на залихите | Министерство за внатрешни работи | 2022 | Буџет/SEESAC | |
| | • Изготвување софтвер за експлозивни материи за цивилна употреба и пиротехника | Министерство за внатрешни работи | 2023 | | |
| | 1.1.2 Изготвување закони и подзаконски акти за оружје | Министерство за внатрешни работи и сите релевантни институции | 2022 | Буџет/SEESAC | 1.1.2 Донесен Закон за оружје, како и подзаконски акти, спроведена обука, број на категоризирано оружје, функционална машина за обележување |
| | • Обука за комисијата за деактивација на оружје | Министерство за внатрешни работи | 2022 | ОБСЕ | |
| | • Техничка помош за категоризација на претходно регистрираното огнено оружје, во согласност со новиот закон | Министерство за внатрешни работи | 2022 | Буџет/SEESAC | |
| | 1.1.3 Усогласување на Законот за оружје со Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата | Министерство за внатрешни работи, Министерство за економија | 2022 | Буџет/SEESAC | 1.1.3 Воспоставено и усогласено законодавство |
| | 1.1.4 Изготвување подзаконски акти на Законот за развој, производство и промет на воени стоки | Министерство за внатрешни работи, Министерство за економија, Министерство за одбрана | 2022 | Буџет | 1.1.4 Одобрени подзаконски акти |

[2] *Таму каде што во извори на финансиски средства е наведена меѓународна организација, се работи за активности во тек или планирани активности и поддршка. Онаму каде што не е наведено ништо, тоа значи дека се работи за идни активности за кои сеуште не може да се утврди изворот на финансирање.*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ↑ | 1.1.5 Спроведување на ревизија на документацијата (desk review) и изготвување Закон за експлозивни прекурзори | Министерство за внатрешни работи, Министерство за економија, МФ - Царинска управа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство | 2022/2023 | Буџет/SEESAC | 1.1.5 Прифатен Извештајот за проценка и препораките разгледани, спроведена обука и софтвер изработен и функционален |
| | • Обука за инспектори за надзор над спроведувањето на овој закон | Министерство за внатрешни работи | 2023 | Буџет/SEESAC | |
| | • Техничка помош за препознавање и ракување со експлозивни прекурзори | Министерство за внатрешни работи, Министерство за економија, МФ - Царинска управа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство | 2022/2023 | Буџет/SEESAC | |
| | • Изготвување софтверски модул за пријавување сомнителни трансфери и процес на лиценцирање што овозможува следење на прекурзори | Министерство за внатрешни работи | 2023 | | |
| | • Обука за форензичка лабораторија во поглед на испитување на експлозивни прекурзори и обележување на пластични експлозиви | Министерство за внатрешни работи | 2023 | | |
| | 1.1.6 Зголемување на капацитетот за спроведување, преку планирање, обука на човечки ресурси и техничка опрема | Сите релевантни институции | 2022/2023 | Буџет/ Меѓународни организации | 1.1.6 Зголемен административен капацитет |
